SSWAHTU: 825
MACEDONIAN
APRIL 2008

Revised: April 2008

# КАКО ДА КОРИСТИТЕ КАПКИ/МАСТ ЗА ОЧИ (HOW TO USE EYE DROPS/OINTMENT)

| | |
|---|---|
|  | Осигурајте се дека ги имате точните капки/маст за очи.<br><br>Измијте си ги рацете. |
|  | Одвртете го капачето на шишенцето/тубицата.<br><br>Не дозволувајте врвот на капалото да го допре окото или некоја друга површина.<br><br>Со показалецот повлечето го надолу долниот очен капак и направите “џеп“ под окото. |
|  | Завалете ја главата наназад и гледајте нагоре.<br><br>Држејки го шишенцето/ тубицата со другата рака помеѓу палецот и показалецот, нежно притиснете го шишенцето/тубицата така да капките/маста паднат во џепот на долниот очен капак. |

SSWAHTU: 825
MACEDONIAN
APRIL 2008

Revised: April 2008

| | |
|---|---|
|  | Веднаш штом капката/маста паднала во окото затворете го окото (за отприлика 1 минута).<br><br>Оставете пет минути растојание помеѓу капките за максимален ефект. Нежно избришете ги очните капаци со чисто хартиено шамивче (tissue) натопено во студена превриена вода или во солен раствор, од внатрешиот крај на окото кон надворешниот крај (те. од крајот близу до носот кон образната коска - cheek bone). Ако е потребно повторете го истото со чисто хартиено шамивче. |
|    | Секој месец ќе треба да се снабдите со ново шишенце капки/нова тубица дури и ако истите не се празни. Ова е со цел да се спречи инфекција.<br><br>Немојте да престанете со земање на капките. Ако шишенцето е празно, земете нова рецепта од вашиот очен лекар или од локалниот лекар.<br><br>Можеби ќе треба да ги чувате капките за очи во фрижидер. Ве молиме прашајте го вашиот аптекар. |

**Текстот е прилагоден од брошурата на Институтот за спас на видот (Save Sight Institute) “Очна нега за вас“ (Eye Care for You) 1996год.**